UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

БИЛТЕН ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

16

# НОВ/ДЕЦ 2021



## НАСЛОВИ

**Уводник:** Насилство врз жени и девојчиња стр **1**

**ОН активности** стр **2-3**

**Во фокус:** Анализа на фемицидите во Северна Македонија стр **4**

## ПОВАЖНИ НАСТАНИ

### НОЕМВРИ - ДЕКЕМВРИ

**25 - 10** 16-те дена на активизам против родово базирано насилство започнуваат на 25 ноември, Меѓународниот ден за елиминација на насилството врз жените, и ќе траат до 10 декември, Денот на човековите права. Кампањата во земјава заеднички ќе ја одбележат сите агенции на ОН, ОБСЕ, Делегацијата на ЕУ, Владата и невладиниот сектор.

### ДЕКЕМВРИ

**2** Годишна конференција на Обединетите нации за Целите за одржлив развој, оваа година со посебен фокус на финансирањето на Целите за одржлив развој.

**6** Промоцијата на Хана, првата апликација за синтеза на пишаниот збор во природен говор на албански јазик ќе им овозможи на околу 10.000 лица од регионот со оштетен вид да имаат пристап до модерна, лесна, функционална и достапна стандардна платформа за испорака на широк спектар на апликации и услуги – како што се е-пошта, музички плеери, навигација, аудио книги и многу повеќе.

**6-7** Канцеларијата на UN Women во Северна Македонија беше домаќин на работилница за стратешко планирање со Комисијата за еднакви можности и меѓусекторската работна група од општина Велес. Работилницата имаше за цел да се запознаат учесниците со основните концепти за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање и заеднички да ги постават стратешките приоритети за новата четиригодишна стратегија за родова еднаквост.

www.facebook.com/1un.mk

www.twitter.com/1UN_MK

## УВОДНИК од постојаниот координатор на ОН

Насилството врз жените и девојките не е неизбежно. Тоа може да се запре, и мора да се запре!

Се работи многу на сите нивоа за да се спречи насилството, но тоа може да биде доволно само доколку секоја жена и девојка се чувствува потполно безбедно и добредојдено во домот, училиштето, на работното место, онлајн или насекаде.

Притоа, неопходно е да се воспостави тристран систем.

Првиот столб е очигледен – неопходно е да постојат соодветни политики и регулативи за да бидеме сигурни дека жените и девојките се законски заштитени од секаков вид насилство.

Исклучително сум среќна што Северна Македонија има важни достигнувања во овој поглед. Поголемиот дел од законодавството коешто се однесува на насилството врз жените и девојките е во согласност со Истанбулската конвенција, Конвенцијата на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, и европските стандарди и норми. Можеби ќе бидат потребни дополнителни подобрувања, но, во главни црти воспоставена е соодветна рамка.

Вториот столб, односно, имплементацијата, е уште поважен. Во тој контекст, и покрај јасниот напредок во последните години, може и понатаму да се јакнат заложбите во Северна Македонија.

Сепак, проблемот нема да се надмине и доколку постои совршена законска регулатива и целосна имплементација.

За да се елиминира насилството врз жените клучно е да го мениваме нашето однесување: нашите норми, нашите практики, политики, нашите ставови и нашите верувања. Она на коешто навистина треба да работиме, локално и глобално, е да спроведуваме активности со коишто ќе се гради политиката на нулта толеранција кон родово базираното насилство во секој сегмент од нашите животи.



Децата се нашата иднина – затоа сите ние треба да се погрижиме образовниот систем да биде подготвен и оспособен да воведе политика на нулта толеранција кон секоја форма на насилство врз децата и младите.

Треба да обезбедиме дека политиката на нулта толеранција се спроведува во сите работни средини, културни средини или онлајн.

Второ, мораме да создадеме безбедна социјална средина каде што секој случај се пријавува и по него се постапува со соодветна поддршка, не само од релевантните институции, туку и од заедниците, никогаш не дозволувајќи ситуацијата на жртвите на насилство дополнително да се влошува преку стигматизација и злоупотреби во заедницата.

Последно, и најважно е дека е неопходно сите да се приклучат. Од училишта и фабрики до верски организации и здруженија на родители, секој треба да се вклучи. А тоа е многу едноставно.

Не молчи!

Не трпи!

Стави крај!

**Росана Дуџак**
Постојан координатор на Обединетите нации во Северна Македонија

# ОН АКТИВНОСТИ

Годишна конференција на **Обединетите нации** за 2021, со фокус на темата за Финансирање на ЦОР во Северна Македонија, се одржа на 2 декември 2021. На конференцијата се отвори дебатата за финансирање на Целите за одржлив развој, со акцент на алатките за јавни финансии и стандардите за приватно финансирање со коишто може да забрза поголемата усогласеност меѓу финансирањето и одржливоста. Претставници на високо ниво од Владата, финансискиот сектор и меѓународните организации, како што се гувернерката Ангеловска – Бежоска, министерот Бесими, министерот Нуредини, извршниот директор на Шпаркасе банка Бишев, директорот на Светска банка Паолучи, постојаниот претставник на УНДП Григорјан, претставникот на УНЕП за финансиска иницијатива за Европа, Бузас Луис и Експертот на ИСАР, Нануш, разговараа за тековните трендови и идните потенцијали во Северна Македонија за финансирање на климатските ризици и ризиците од катастрофи, иновативните финансии, одговорното банкарство, инвестициите и осигурувањето, како и корпоративното известување за одржливост и практиките за добро еколошко, социјално и корпоративно управување. Исто така, на конференцијата беше презентирана и новата анализа на ОН за Северна Македонија, подготвена со експертска поддршка од економистот Петрески на Finance Think - Преглед на финансирањето на Целите за одржлив развој во Северна Македонија.

Видеата од конференцијата се достапни на линковите подолу:

- Кратко видео - Панел 1 Јавни финансии(English, Macedonian)

- Кратко видео - Панел 2 Приватни финансии (English, Macedonian)

- Целосна снимка од конференцијата (English, Macedonian, Albanian)

Во ноември 2021 беше објавен Профилот на индикатори за управување со миграциите за 2021 година за Северна Македонија и истиот е достапен на англиски, македонски и албански јазик на веб-страница за публикации на **ИОМ**. Профилот на индикатори за управување со миграциите (МГИ) содржи резиме на развиените области на миграциското управување во Северна Македонија, како и областите со потенцијал за понатамошен развој, како што е оценето преку МГИ. МГИ е стандардна група од околу 90 индикатори со цел да им помогне на земјите да ги проценат миграциските политики и да ги продлабочат дискусиите за можностите за добро управување со миграциите во пракса. Публикацијата е изработена со финансиска поддршка на Повеќепартнерскиот фонд за миграции.

Во тесна соработка со Министерството за здравство, Црвениот крст, Македонското лекарско друштво и Здружението на гинеколози и акушери и УНФПА, во текот на ноември завршија последните подготвителни активности за теренско ангажирање на двете мобилни гинеколошки клиники. Лекови, опрема, потрошен материјал, вклучително и опрема за лична заштита, во вкупна вредност од 110.000 американски долари, се доставени до Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје, како и до болниците во Тетово и Битола, со цел на клиниките да им се достапни потребните залихи и материјали.

Мобилните клиники од 1 декември ќе бидат распоредени во работни денови во Свети Николе, за да вршат гинеколошки прегледи, прегледи за рак на грлото на матката, како и советување за планирање на семејство и за сексуално преносливи инфекции. Исто така, ќе бидат обезбедени информации за пријавување на родово засновано насилство и барање поддршка од најблиските даватели на услуги. До 30 ноември, повеќе од 100 жени изразија интерес и закажаа преглед во мобилните клиники, што укажува на големата побарувачка и реалната потреба за овој вид услуги.

Финансирањето за овие активности, исто така е обезбедено од Повеќепартнерскиот фонд за КОВИД-19.

Во рамки на соработката помеѓу УНФПА и Бирото за развој на образованието за пилотирање и воведување на Сеопфатното сексуално образование (ССО) во земјата, на 9 ноември 2021, УНФПА организираше работен состанок - Споделување искуства поврзани со спроведувањето на сеопфатното сексуално образование во Албанија, Косово и Северна Македонија. Претставници од релевантните министерства, професионалци од јавното здравство, претставници на академската заедница, граѓанските организации, вработени од УНФПА во земјите учеснички и други партнери, имаа можност да ги споделат своите искуства од програмирањето, дизајнирањето, имплементацијата и следењето на ССО во нивните земји. Оваа средба претставуваше прв чекор кон зголемена соработка на партнерите од Северна Македонија, Албанија и Косово.



Марија Савовска, претседател на НВО Акција Здруженска, за време на презентација за размена на најдобри практики за креирање родови локални политики и буџети преку партиципативни процеси. Фотографија: UN Women во Северна Македонија

УНФПА продолжува да ги поддржува националните здравствени власти во различни процеси, насочени кон подобрување на здравствените исходи кај мајките. Во таа насока, се обезбедува техничка поддршка и организација на обуки за здравствените работници за ефективна перинатална здравствена заштита, предвидени со пилотирањето на Националниот мастер план за ефикасна перинатална здравствена заштита. Покрај тоа, во тек се последните подготовки за воведување на Акушерскиот систем за надзор и давање одговор во 2022 година, и притоа ќе се овозможи анонимно разгледување/ревизија на речиси животнозагрозувачки случаи кај мајките и ќе се идентификуваат тесните грла и критичните точки коишто треба да се надминат и избегнуваат во иднина.

УНОПС продолжи да ги зајакнува капацитетите на канцеларијата на Народниот правобранител преку работилница за извлекување поуки од значајни предмети пред Европскиот суд за човекови права. Со работилницата се надгради знаењето и стручноста на вработените кај Народниот правобранител за толкување и примена на европските стандарди за човекови права коишто произлегуваат од праксата на Европскиот суд за човекови права. На работилницата се разговараше и за специфичностите во заштитата на човековите права на припадниците на вооружените сили, вклучувајќи ја и родова перспектива.

УНХЦР Северна Македонија организираше онлајн студиска размена за аранжмани за алтернативна грижа, спроведена под покровителство на проектот „ИПА II Регионална поддршка за заштита - управување со сензитивни миграции во Западен Балкан и Турција", финансиран од Европската Унија. Целта на дводневниот настан беше размена на знаења и искуства поврзани со алтернативни аранжмани за грижа за странски деца, без оглед на нивниот миграциски статус. Претставниците од УНХЦР Холандија, Министерството за правда и безбедност на Холандија, Централната агенција за прием на баратели на азил и НИДОС дадоа детални информации за рамката за заштита на децата во Холандија, како во однос на правната рамка, така и во однос на постапките по мерка на децата, вклучително и за информирањето, приемот, правното застапување (постапка за азил), образованието и здравствената заштита.

По усвојувањето на Законот за бесплатна правна помош во 2020 година, каде што е уредено и обезбедувањето бесплатна правна помош за азил и бегалци, на 12-14 ноември, УНХЦР заедно со својот партнер МЗМП организираше настан за градење на капацитетите насловен: „Закон за бегалци, систем за азил и релевантна судска практика" за регистрирани адвокати во Министерството за правда да обезбедуваат бесплатна правна помош на лицата кои спаѓаат под мандатот на УНХЦР. Оваа обука е дел од серијата настани и студиски посети организирани за да се развиваат посебни капацитети кај адвокати за да ги застапуваат лицата кои спаѓаат под мандатот на УНХЦР во согласност со меѓународните стандарди.

Како дел од заложбите на Канцеларијата да ја поттикне солидарноста за бегалците и лицата без државјанство и да ангажира влијателни и општествено ангажирани чинители и истакнати уметници, УНХЦР Северна Македонија обезбеди ексклузивно анимирано видео за социјалните мрежи од локалниот уметник IndOg.

28 – 29 октомври 2021- Канцеларијата на UN Women во Северна Македонија беше домаќин на работилница наменета за граѓански организации коишто спроведуваат иницијативи за информирање и зајакнување со цел зголемено учество на жените во локалните процеси на креирање политики и буџетирање. Претставници на граѓански организации од Северна Македонија и Албанија присуствуваа на 2-дневна работилница за размена на искуства и најдобри практики за креирање локални политики и буџети преку партиципативни процеси и иницијативи предводени од жени. Оваа размена на искуства беше дел од проектот на UN Women „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна развојна соработка. – Сида.

Партнерите на проектот на UN Women за родово одговорно буџетирање , АГОРА и Националниот совет за родова еднаквост, ја спроведоа последната фаза од кампањата „Вклучи се - прашај гласно!", којашто се однесува на вклученоста на жените во процесите на одлучување на локално ниво и презентирање на најдобрите практики од нивната работа за подобрување на животот на жените во заедниците.

Шведската амбасада, во соработка со канцеларијата на UN Women Северна Македонија и локалниот огранок на Википедија на македонски јазик – Споделено знаење, по четврти пат заеднички ја организираа иницијативата WikiGap за намалување на родовиот јаз на интернет. Учесниците/волонтерите создадоа и/или преведоа текстови на македонски јазик за жените (или настани поврзани со родовата еднаквост) кои направиле значителна промена за заштитата на животната средина, екологијата и биодиверзитетот. Настанот започна на 15 ноември 2021, по што следеше еднонеделно уредување на текстовите. Во текот на натпреварувачката недела беа создадени вкупно 929 натписи, коишто наскоро ќе бидат објавени на македонската Википедија.

Канцеларијата на UN Women во Северна Македонија ја поддржа регионалната иницијатива на UN Women „Разбудени, не заспани: Преосмислување на бајките за новата генерација". Калина Малеска, професорка по литература и авторка од Северна Македонија, особено стана препознатлива по нејзината бајка „Детето без златна коса". https://bit.ly/3I3sRE2. За време на промоцијата на 18 ноември 2021, оваа бајка беше изведена од куклениот театар на сенки „Сенки и облаци" во Северна Македонија: https://bit.ly/3xhWeaz

# ОН АКТИВНОСТИ




*To mark the adoption of the United Nations Convention of the Rights of the Child – UNICEF and partners celebrate World Children's Day, an annual day of action for children, by children on November 20 and for a second year, World Children's Day took place during one of the most unique and challenging moments in our history.*

УНОДЦ беше домаќин на работилница за меѓуинституционална размена на информации во врска со кривичната постапка за предмети поврзани со огнено оружје. Околу 20 учесници од МВР, граничната полиција, обвинители и царински службеници разговараа за меѓусебната соработка во различни фази од кривичната постапка, вклучително и за апсење и приведување од страна на полицијата, распит на осомничениот, обвинителен акт и валидност на доказите.

УНОДЦ во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје организираше конференција во Скопје за поддршка на имплементацијата на „Националната стратегија на Северна Македонија за спроведување финансиски истраги и конфискација на имот", како и за работата на новоформираната Национална комисија за следење на спроведувањето на Стратегијата.

Конференцијата имаше за цел да се презентираат активностите од стратегијата за зајакнување на институционалните капацитети за спроведување финансиски истраги и конфискација на имот, како и потребите и неопходната поддршка за Северна Македонија за успешно спроведување на стратегијата. Главната цел на конференцијата беше да се започне со работа за подготовка на национален патоказ за поврат на имот, којшто ќе послужи како основа за да се направи проценка на постоечките способности и да се идентификуваат празнините во процесите и ресурсите наменети за спроведување финансиски истраги и конфискација на имотот во Северна Македонија.

На конференцијата учествуваа претставници од национални и меѓународни институции и организации во Северна Македонија, вклучително и од Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција, Царинската управа, Агенцијата за управување со одземен имот, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Советот на Европа, ГИЗ, Амбасадите на Шведска, Франција, Холандија, ОК како и претставници на Националната комисија за следење на спроведувањето на Стратегијата.

Сите учесници прифатија дека со националниот патоказ за поврат за имот треба да се воспостави координација на донациите помеѓу меѓународните партнери за да се обезбеди кохерентен пристап во спроведувањето на стратегијата и подобрена и ефикасна искористеност на ресурсите во поддршката на Северна Македонија за спроведување финансиски истраги и конфискација на имот.

Програмата за контрола на контејнерите на UNODC-WCO (CCP) во соработка со Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO) организираше обука за царинските службеници и граничната полиција од Единицата за контрола на воздушен товар (ACCU) формирана на Меѓународниот аеродром Скопје. Обуката дава можност за понатамошно унапредување на работата по пат на соработка на Меѓународниот аеродром Скопје, како и стимулирање на континуирана размена на информации и регионална и меѓународна соработка, со цел заштита на границата и со посебен акцент на воздушната безбедност.

Во периодот од 18 до 25 октомври 2021, експертите на СЗО спроведоа техничка мисија во Северна Македонија за зголемена подготвеност на јавното здравство за давање одговор во итни случаи, вклучително и контрола на КОВИД-19, како дел од тековната тесна соработка со националните здравствени власти. Експерти од канцеларијата на СЗО во земјата, Регионалната канцеларија за Европа, Балканскиот центар за итни случаи на СЗО и Одделението за управување со кризи на Институтот Роберт Кох во Берлин го посетија Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) во Скопје и десетте регионални центри за јавно здравје и го оценија капацитетот и потребите на тековните јавно-здравствени функции за итни случаи и ги идентификуваа организациските капацитети и потребите од човечки и материјални ресурси. По дводневната работилница за планирање, експертите на СЗО и националните здравствени власти заеднички подготвија детален оперативен план за подобрување на функционалноста на централниот оперативен центар за итни случаи (ЕОЦ) и националната јавно здравствена мрежа во Северна Македонија.

За да се поддржат напорите на Северна Македонија за откривање, проценка, анализа и одговор на инфодемиските ризици поврзани со пандемијата КОВИД-19, СЗО организираше обука за справување со инфодемијата. Над 30 претставници од националните здравствени власти, организациите за проверка на факти, агенциите на ОН и меѓународните партнери ги подобрија своите вештини за користење на анализи и пристапи засновани на ризик и докази за справување со инфодемијата како придружна појава на пандемијата со КОВИД-19.

Експерти од канцеларијата на СЗО во земјата, регионалната канцеларија за Европа, Балканскиот центар за итни случаи на СЗО и одделението за управување со кризи на Институтот Роберт Кох во Берлин соработуваа со националните здравствени власти за да спроведат преглед на внатрешното постапување (ИАР) во тековниот одговор на КОВИД-19 во Северна Македонија. Со оглед на долготрајноста на пандемијата, прегледот за внатрешното постапување е процес што го предводи земјата, и тоа овозможува во земјата да се направи преглед на одговорот што се дава на КОВИД-19, да се идентификуваат најдобрите практики, празнините и научените лекции и активностите за итна санација или одржливо подобрување на одговорот на КОВИД-19. Оваа техничка мисија е дел од поддршката на СЗО за националните здравствени власти за давање ефективен одговор на пандемијата со КОВИД-19.

Експертите од СЗО и Health Education England соработуваа со националните чинители за да се разгледаат можностите за трансформација на специјализираната болница за геријатриска и палијативна грижа во едукативен центар за новата суспецијализација за геријатрија. Оваа експертска мисија е важен чекор во заложбите да се зголеми бројот на обучени специјалисти за геријатриска и палијативна грижа за да може да се одговори на растечките потреби на постарата популација и да се обезбеди интегрирана лична грижа за старите лица.

На заедничка средба со министерот за здравство, Венко Филипче, канцелариите на СЗО и УНИЦЕФ во земјата најавија ново финансирање од УСАИД за превенција на инфекциите со Ковид-19 и вакцинацијата. Преку оваа помош, СЗО дополнително ќе го зајакне капацитетот на здравствениот систем за подготвеност и одговор за итни случаи за време на пандемијата со КОВИД-19 и ќе се обезбеди поголем опфат и безбедна испорака на вакцините против Ковид-19 во Северна Македонија.

Во пресрет на Светската недела на свесност за борба против антимикробната резистентност (WAAW) во 2021 и со цел справување со антимикробната резистентност, Мултисекторската комисија за контрола на антимикробната резистентност (АМР) при Министерството за здравство (МЗ) и Ветеринарната комора на Северна Македонија, на 15- 16 ноември 2021, заеднички одржаа серија едукативни вебинари со поддршка на СЗО. Оваа светска недела што се одбележува секоја година од 18 до 24 ноември има за цел да ја зголеми свеста за глобалната антимикробна резистентност и да ги поттикне најдобрите практики кај пошироката јавност, здравствените работници и креаторите на политиките за да се избегне понатамошна појава и ширење на инфекции отпорни на лекови.

Во периодот од 15 до 19 ноември, експертите на СЗО ја завршија техничката мисија за здравствена правичност во Северна Македонија. СЗО заедно со релевантните министерства, националните чинители и меѓународните партнери имаат за цел да се создаде национална рамка за следење на правичноста во здравството со вклученост на Министерството за здравство, Државниот завод за статистика, единицата за е-здравство и неколку специјализирани здравствени институции, како што се Институтот за епидемиологија и Институтот за јавно здравје.

На 25 ноември 2021, СЗО го објави извештајот „Дали луѓето можат да си дозволат да платат за здравствена заштита? Нови докази за финансиската заштита во Северна Македонија" каде што се проценува степенот до кој луѓето во Северна Македонија се соочуваат со финансиски тешкотии кога користат здравствени услуги. Извештајот е дел од серијата прегледи во земјата за следење на финансиската заштита во здравствените системи низ Европа. Наодите од извештајот беа дискутирани на настан на кој се собраа претставници од клучните одговорни владини сектори, меѓународни партнери, професионални здруженија и организации на пациенти и граѓанското општество.

СЗО продолжува да го олеснува пристапот до информации за спасување живот и услуги за здравствена заштита, вклучително и за имунизација против КОВИД-19, особено за ризичните заедници како што се младите, постарите и ромското население. Како дел од овие заложби, за членовите на ромската заедница беа обезбедени над 5.000 информативни материјали коишто се однесуваат на колебливоста за вакцинација против КОВИД-19. СЗО ја поддржува и СОС линијата на Црвениот крст за КОВИД-19 за стари лица.

По повод усвојувањето на Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации – УНИЦЕФ и партнерите го одбележуваат Светскиот ден на детето на 20 ноември, како ден во годината за преземање акција за децата од страна на децата, и веќе втора година по ред, Светскиот ден на детето се одржа за време на еден од најуникатните и најпредизвикувачките моменти во нашата историја. Пандемијата со коронавирус значително ги промени животите на децата и младите, во фаза од нивниот живот кога тие треба да се развиваат за да го исполнат својот оптимален потенцијал. Но, младите луѓе не се неактивни. Преку младинските консултации „Преобмисли ја иднината" - иницијатива што УНИЦЕФ ја започна пред една година заедно со Кабинетот на претседателот Пендаровски - тие се собраа за да бидат главни говорници на настанот каде што ги споделија своите ставови и визија за иднината којашто ја посакуваат за себе и за идните генерации. Тројца млади говорници ги презентираа младинските повици за акција за да се преосмисли квалитетот на образованието, климата и квалитетот на животот. Нивната порака беше јасна - тие не сакаат да се вратат во нормалниот тек на живот по КОВИД; сакаат носителите на одлуки да работат со нив за да се создаде подобро утре. За време на настанот, носителите на одлуки, вклучително и пратеници од Собранието, претставници на меѓународни организации и експерти имаа можност да слушнат повеќе од младите говорници и да се вклучат во дијалог за време на дискусиите во помали групи предводени од младите. Тие, исто така, разговараа за конкретни активности коишто може да се преземат за решавање на прашањата во секоја од трите теми.

# ОН АКТИВНОСТИ

Во претходните години, за да покажат поддршка, УНИЦЕФ бараа од партнерите да ги осветлат зградите и знаменитостите во сино и да помогнат да се привлече вниманието кон загриженостите на децата и младите. Оваа година, поради актуелната енергетска криза, УНИЦЕФ побара од партнерите да ги светлат со сино нивните канали на социјалните мрежи и да ги повикаат носителите на одлуки да ги разгледаат повиците на младите луѓе за акција, за подобра иднина за секое дете и млад човек. Прочитајте повеќе за младинските повици за акција.

УНИЦЕФ ја започна иницијативата „Застапници за правда за децата“ – прва од ваков вид во земјата со финансиска поддршка на Европската Унија, во рамките на Правда за деца – ЕУ за акција за малолетничка правда и правда по мерка на децата. Целта на иницијативата е да се создаде простор за децата и младите да учествуваат во реформите на законите и политиките во областа на правда за деца и да генерираат иновативни алатки и механизми за решавање на прашања коишто влијаат на нивниот живот. 60 деца и млади застапници учествуваа на почетната работилница за правата на децата од 12 до 14 ноември. Во следниот период, тие ќе научат како да дизајнираат механизми и алатки за пристап до правда на работилници за осмислување на дизајн, и притоа ќе бидат поддржани од ментори и експерти.

Во рамките на истата акција, УНИЦЕФ започнува и серија обуки, почнувајќи со работилница за обука за обучувачи, наменета за професионалци кои работат со деца во контакт со законот. Работилницата за обука за обучувачи беше искористена и за да се потврди курикулумот за правда за деца, преку којшто се воведува повеќесекторски пристап заснован на најдобриот интерес на детето. Целта е да се надминат значителните разлики во знаењата и вештините кај различни професионалци кои работат со деца во ризик и деца во контакт со законот. Професионалците научија за пристапот заснован на човековите и детските права, фокусирајќи се на клучните компетенции како што се вештини за интерперсонална комуникација и ангажман и мобилизација на заедницата преку студии на случај и најдобри практики од Европа. Беа опфатени и клучните принципи на правда за децата, децата во ризик да дојдат во контакт со законот, жртвите, сведоците и децата во судир со законот. Целта е да се обезбеди дека контактот на детето со правосудниот систем претставува можност, а не закана и дека поминувањето низ правосудниот систем претставува позитивна пресвртница за децата.

УНИЦЕФ организира серија на настани за споделување и играње за да се запознаат и наставниците и родителите со ресурсите и стратегиите за социо- емоционално учење коишто можат да ги користат во училниците, како и дома. Првиот настан е закажан за 4 декември во Велес.

На 22 ноември, УНИЦЕФ започна EDUINO Gamethon, креативен предизвик за учење и игра преку одбрани активности и игри за деца од 3 до 10 години. Целта на Gamethon е да го поттикне учењето преку игра и да ги запознае наставниците и родителите со отворената библиотека со едукативни активности на платформата EDUINO.

Овој месец УНИЦЕФ организираше пет вебинари за училишниот кадар на релевантни образовни теми коишто се фокусираат на подобрување на вештините на наставниците во креирањето на интерактивен и иновативен процес на настава и учење. Над 15000 наставници присуствуваа на овие вебинари. Серијата вебинари ќе продолжи во декември, за повеќе информации посетете ја страницата.

По повод Неделата на ЕУ за намалување на отпадот, УНИЦЕФ и партнерите, реализираа работилница со училишни наставници и воспитувачи од градинките, на тема намалување, повторна употреба и поправка на отпадот, со фокус на тоа како да ги интегрираат овие практични активности и експерименти во нивните наставни програми и работа со деца. На работилницата учествуваа 48 воспитувачи од 16 градинки и 77 наставници од 30 основни училишта.

УНИЦЕФ испорача нова опрема за лична заштита во вредност од 340.000 американски долари што се донираше на здравствени, образовни и заштитни институции во Северна Македонија. Донацијата доаѓа од Глобалниот штаб за снабдување и логистика на УНИЦЕФ

-УНИЦЕФ ја заврши брзата проценка на самоефикасноста, перцепциите и ставовите на здравствените работници (семејни лекари, патронажни медицински сестри, педијатри и тимови за



имунизација) во врска со рутинската имунизација. Врз основа на сознанијата, УНИЦЕФ ќе направи избор, адаптација и превод на модули за обука подготвени од регионалната канцеларија. Обуките ќе започнат во јануари, во соработка со Македонското лекарско здружение.

-Врз основа на наодите од истражувањето за увид во однесувањето, завршено оваа година, дизајнирани се 5 прототипови за вакцинација за MMR1 и истите ќе бидат дистрибуирани низ целата земја за да се зголеми побарувачката за вакцини.

# ВО ФОКУС Анализа на фемициди

Вкупно 87.000 жени биле убиени во 2017 година ширум светот, според студијата на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал. Повеќе од половина од нив биле убиени од интимен партнер или друг член на семејството. Истата студија покажува дека во 2012 година, бројот на жени убиени од интимен партнер на глобално ниво бил 48.000, што укажува на растечки тренд на бројот на фемициди низ годините.

За жал, бројките кои се однесуваат на Република Северна Македонија ја потврдуваат оваа загрижувачка статистика. Помеѓу 2008 и 2020 година биле убиени вкупно 96 жени од кои најмалку 50 случаи биле фемициди. Овој и другите наоди произлегоа од Анализата на случаи на фемициди во Република Северна Македонија 2017-2020 година, поддржана од УНДП како дел од проектот „Подобрување на националните практики поврзани со МЛО и градење на отпорни заедници на насилство“, објавена на 26 ноември како дел од кампањата 16 дена активизам против родово базирано насилство.

Анализата беше спроведена од Националната мрежа за ставање крај на насилството врз жените и семејното насилство, со финансиска поддршка на Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија преку „Патоказ за одржливо решение за незаконското поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје и муниција на Западен Балкан до 2024 година“.

„Фемицид“ се однесува на убиство на жени и девојчиња поради нивниот пол, извршено и толерирано и од приватни и од јавни чинители. Тука спаѓа убиство на жени, како резултат на насилство од интимен партнер, тортура и мизогино убивање на жени, убиства на жени и девојки во „име на честа“ и убиства како резултат на други штетни практики, убиства на жени и девојки во вооружени конфликти и случаи на фемицид поврзани со банди, организиран криминал, дилери на дрога и трговија со жени и девојки.

Родово базираното насилство и фемицидот како негова најтешка форма на насилство, може да се појават во сите сфери на животот. Наодите од студијата јасно покажуваат дека оваа социјална и несомнено криминална девијација не прави разлика по возраст, националност и социо-економски статус. Анализата го опфаќа периодот 2017-2020 година, во кој се убиени вкупно 26 жени, како што покажуваат податоците на Државниот завод за статистика. Од нив, 22 убиства (84%) може да се класифицираат како фемициди.

Од анализата на случаите на убиство на 16 жени, делото може да се оквалификува како фемицид во 14 случаи. Во повеќе од 75% од анализираните случаи на убиства на жени, кривичното дело го извршил сегашниот или поранешниот сопружник или вонбрачен партнер со кој живееле во заедница. Во повеќе од 80% од случаите, иако имало насилство за кое подоцна во постапката сведочат блиски роднини на жртвата, сепак ниту една од 14-те убиени жени не го пријавила доживеаното насилство




кај надлежните институции. Повеќето од убиените жени биле изложени на повеќе од една форма на родово базирано насилство, а 6 од нив добиле смртни закани. Најголем дел од убиствата (50%) се случиле во семејниот дом, односно во домот каде што заедно живееле сторителот и жртвата, додека 25% од убиствата се случиле во домот во кој жртвата живеела сама или со своите родители или други членови на семејството.

Врз основа на наодите, анализата нуди препораки за политики и активности за намалување на фемицидите, коишто може да се прочитаат овде : Анализа на случаи на фемициди во Република Северна Македонија од 2017-2020 година.

The latest version of the Sustainable Development Bulletin is available on UN North Macedonia website. For additional information, please contact rc-northmacedonia@un.org. Produced by the UN Resident Coordinator's Office in North Macedonia | 10 January 2022.

www.un.mk